ВИСОКА ШКОЛА ЗА НОВИНАРСТВО И ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

*пишувај гласно, зборувај моќно*

Во согласност со член 108, 109 и 110 од Законот за високо образование („Службен весник“ бр. 35/2008), Наставничкиот совет на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста објавува:

# К О Н К У Р С

**за запишување студенти на прв циклус студии**
**во академската 2012/2013 година**

## I. Број на студенти

Во прва година на додипломските студии во академската 2012/2013 година, на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста ќе се запишат вкупно 80 студенти на двете насоки:

1. **Студиска програма за новинарство и продукција** – 40 студенти, од кои 25 редовни и 15 вонредни
2. **Студиска програма за корпоративни комуникации и односи со јавноста** – 40 студенти, од кои 25 редовни и 15 вонредни.

## II. Услови за запишување

1. Право на запишување имаат кандидати со завршено средно образование и положено државна матура или меѓународна матура, или образование соодветно на тоа, верифицирано со акт на Министерството за образование и наука на РМ;
2. Кандидатите се запишуваат со самофинансирање на студиите;
3. Високата школа обезбедува 10 целосни стипендии **(5 за студирање новинарство и 5 за студирање корпоративни комуникации и односи со јавноста)** за добитниците на наградените трудови од конкурсот за матуранти „Изрази се преку медиумите“.
4. Кандидатите треба да ги достават документите најдоцна до 12.9.2012;

## III. Избирање на кандидатите

1. Наставничкиот совет формира конкурсна комисија која проверува дали кандидатот ги исполнува условите за запишување и за стекнување со стипендија;

**IV. Потребни документи**

1. Свидетелства од четирите години завршено средно образование (оригинални примероци или копии заверени на нотар);
2. Диплома за положен матурски испит (оригинален примерок или копија заверена на нотар)
3. Државјанство (оригинал или копија заверена на нотар);
4. Фотокопија од Извод од матична книга на родените;
5. Лична карта или пасош на увид;

**V. Документите да се доставaт на адреса:**

Висока школа за новинарство и за односи со јавноста, „Јуриј Гагарин“ 17-1/1, Скопје

Повеќе информации на www.vs.edu.mk, info@vs.edu.mk и на 02 / 30 90 004